**2179.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06) и членовите 69, 70 и 71 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/04 и 109/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2006 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОНСУЛТАНТСКИ ТИМ ПО ПАТ НА МЕЃУНАРОДЕН ОГРАНИЧЕН ПОВИК ЗА КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА СО МОДЕЛ И НАЧИН НА ТРАНСФОРМАЦИЈА СО ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Заради изработка на Студија со модел и начин на трансформација со приватизација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, да се спроведе постапка за избор на консултантски тим.

2. Консултантски тим од точка 1 на оваа одлука, има задача да изработи Студија со модел и начин на трансформација со приватизација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија со која ќе се дефинира идниот модел на трансформацијата со приватизација, која треба да содржи организациони, финансиски и правни аспекти.

3. Постапката за избор на консултантскиот тим да се спроведе од страна на Министерството за транспорт и врски и истата да се изврши по пат на меѓународен ограничен повик во две фази, односно претквалификација и доставување на писмена покана до избраните понудувачи.

4. Средствата за спроведување на постапката за избор на консултантскиот тим да биде на товар на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-5524/1
21 ноември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**2180.**

Врз основа на член 35 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04), и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 2006 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРИ ЗГОЛЕМЕН И СУБВЕНЦИОНИРАН УВОЗ

Член 1

Во Решението за формирање на Комисија за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/04 и 28/05), во членот 1, став 1, точка 1 зборовите „м-р Фатмир Бесими" се заменуваат со зборовите „Вера Рафајловска", а во точката 2, алинеја 4, зборовите „Петре Митев" се заменуваат со зборовите „Илјаз Сабриу".

Во ставот 2, алинеја 1, зборовите „Биљал Касами, државен секретар" се заменуваат со зборовите „Киро Спанцев, заменик министер".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-5932/1
5 декември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**2181.**

Врз основа на член 8 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.12.2006 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 2006 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2006 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/06, 68/06, 76/06 и 79/06) во делот I и износите „415.000.000,00" и „30.000.000,00" се менуваат и гласат „1.019.626.000,00" и „13.068.000,00".

2. Во делот I табелата се заменува и гласи:

| | МЕРКА | | ВКУПНО ДЕНАРИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за развој на растителното производство кај одделни видови земјоделски култури | | 845.800.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за развој на сточарското производство | | 160.326.000,00 |
| 3. | Финансиска поддршка за развој на водостопанството | | 13.068.000,00 |
| 4. | За довршување на започнатите мерки и неподмирени обврски во 2005 година и за недоволно предвидени средства по одделни мерки во 2006 година | | 2.500.000,00 |
| 5. | Општи мерки | | 11.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | | 1.032.694.000,00 |